# S-WORK

МАЈ 2020, БРОЈ 92




## Добротворна кампања за помош на сексуалните работници



# ДОНИРАЈ! НЕ ДИСКРИМИНИРАЈ!
## Добротворна кампања за помош на сексуалните работници

СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот започна со добротворна кампања за помош на сексуалните работници во Република Северна Македонија кои имаат потреба од финансиска помош. Последиците од КОВИД-19 пандемијата не ја одминаа најстарата професија на светот.

STAR | OUT LOUD FOR SEX WORKERS

Секогаш кога е можно, сексуалните работници одговорно се самоизолираат како одговор на повиците на државните институции. За многу семејства, приходите од сексуалната работа се единствени или примарни приходи во семејства на самохрани мајки и многудетни семејства.

Сексуалните работници се наоѓаат во навистина тешка состојба, особено поради тоа што се исклучени од националните економски мерки. Тие се соочуваат со губење на своите работни места, драстично намалување на бројот на клиентите, а со тоа и губење на приходите од кои им зависи езгистеницијата.

Поддржете ги сексуалните работници за време на кризата со КОВИД-19.

### ЗА ДОНАЦИИ ОД ДОМА
Број на жиро с-ка:
СТАР-СТАР СКОПЈЕ КОВИД-19 ДОНАЦИИ
210-065896341011
НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ

### FOR DONATIONS FROM ABROAD
Beneficiary Name: ZDRUZHENIE STAR-STAR COVID – 19 DONATIONS SKOPJE
Address: 11 OKTOMVRI 22/2 SKOPJE
IBAN Code: MK07210722000097649
SWIFT: TUTNMK22
BANK Name: NLB BANKA AD SKOPJE
BANK Address: Mother Teresa 1 Country: Macedonia

**СЕКОЈА ДОНАЦИЈА Е ДОБРЕДОЈДЕНА.
ОД СÈ СРЦЕ ВИ БЛАГОДАРИМЕ!**

# 1-ви мај – Меѓународен ден на трудот: Сексуалната работа е слободен избор на професија

1-ви мај – Меѓународниот ден на трудот е посветен на зачувување и унапредување на правата на работниците низ целиот свет. Овој ден за првпат се одбележал во 1889 година во знак на почит кон жртвите на работничкиот штрајк што се одржал од 1-ви до 4-ти мај 1886 година во Чикаго. На овој штрајк, организиран со цел да се воведе 8-часовен работен ден, била употребена сила од страна на полицијата, при што имало и жртви. Подоцна, организаторите на штрајкот биле изведени пред суд, од кои четворица од нив биле погубени.

Оттогаш, традиционално на 1-ви мај секоја година во повеќе земји ширум светот, како и во Република Северна Македонија се одржуваат протести во знак на одбележување на Меѓународниот ден на трудот.

СТАР-СТАР како Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани работници се вклучува во борбата за социјална правда и работнички права. СТАР-СТАР има една заедничка цел, а тоа е унапредување и промоција на правата на сексуалните работници во Република Северна Македонија.

Како  последица од непрепознавањето на сексуалната работа како секоја друга работа, нерегулирањето на законите кои ги таргетираат сексуалните работници во однос на нивните работнички права, како и нееднаквиот третман на сексуалните работници ги поттикнува истите во се поголем број да дадат поддршка во борбата за правата на работниците.

Со препознавање и признавање на сексуалната работа ќе се овозможи поголема социјална и правна заштита на сексуалните работници под покровителство на Законите за работни односи.

Сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и сексуалните работници, имаат право на работнички права согласно меѓународното право за заштита на човековите права.

Сексуалните работници имаат право на работа, на слободен избор на работното место и на праведни и поволни работни услови и заштита од невработеност, а по однос на ова право:

- Непрепознавањето на сексуалната работа како професија има негативни последици врз работните услови на сексуалните работници, со тоа што им се одбива заштитата која инаку ја имаат работниците со законите за работни односи.

- Сексуалните работници треба да можат да ги одредуваат, без пречки или притисок од други, природата и условите на сексуалните услуги кои ги нудат.

▪ Сексуалните работници имаат право на безбедни и здрави работни места; затоа е потребно да имаат достапни точни и најнови информации за здравјето и безбедноста, независно дали се вработени некаде или се самовработени.

▪ Сите луѓе имаат право да се третираат со почит на нивното работно место и да не бидат сексуално малтретирани; работните места во сексуалната индустрија, како и сите други работни места, треба да промовираат почит и слобода од злоставување и малтретирање на сексуалните работници.

▪ Сексуалните работници треба да имаат право на еднакви социјални и други бенефиции кои произлегуваат од работниот однос, вклучувајќи и платено боледување, платено породилно и мајчинско боледување, празници и право на бенефиции при невработеност доколку нивниот работен однос се прекине, или доколку одлучат да ја напуштат сексуалната работа.

▪ На ниту една личност не треба да и се ограничи вработување или да биде отпушена од работа поради вклученост во сексуална работа.





# „Нашата работа подразбира блиски контакти со луѓе“: Како сексуалните работници се борат во услови на криза?

Многу работници се соочуваат со неизвесна иднина или непосредна финансиска борба како резултат на појавата на коронавирусот. А за една професија, влијанието е неизбежно.

„Имаме многу проблеми“, вели Кари Мичел, портпарол на Англискиот колектив на сексуални работници (ECP). „Бидејќи сексуалната работа подразбира близок контакт со луѓе“.

Англискиот колектив е составен од сегашни и поранешни сексуални работници и повикува на поддршка од ладата за сексуалните работници, кои во моментот не се признати како работници и, според тоа, немаат право на никаква владина поддршка, која пак е достапна за другите работници за време на кризата КОВИД-19.

„Секако, никој не сака да продолжи да работи во вакви услови“, вели таа. Но, без пристап до финансиска поддршка, некои сексуални работници се принудени да продолжат да работат надвор на улица, да се среќаваат со клиенти, а со тоа да се изложуваат на опаснот и ризик од ширење на корона вирусот.

Со воспоставените мерки за изолација, многу сексуални работници ги изгубија скоро сите свои клиенти, а со тоа ги загубија и приходите.



## „Бараме работнички права“

„Бараме признавање на сексуалната работа како работа за да можеме да ги добиеме придобивките од Владата“, вели Мичел. „Бараме признавање сега, за да можеме да ја добиеме финансиската поддршка која ја имаат останатите граѓани во оваа кризна состојба. Доколку и ние добиеме парична помош, нема да треба да излегуваме надовор да работиме, а со тоа би си го заштитиле сопственото здравје“.

Слична е ситуацијата со сексуалните работници и во другите европски земји, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија. Сексуалната работа воопшто не е призната како работа, ниту пак сексуалните работници ги уживаат работничките права, а со тоа немаат право на поддршка која ја нудат владите.

„Во реалноста, сите сексуални работници на кои единствена работа им е сексуалната работа, се најпогодени и незаштитени од Коронавирусот“, вели Конса Борел, членка на неофицијалниот сојуз на сексуални работници од Шпанија (OTRAS).

„Жените кои ги договараат своите клиенти на улица, оние кои работат во станови, вили, клубови, салони за масажа - сите ние сме погодени економски од оваа пандемија“.

Конса тврди, дека сексуалните работници не сакаат добротворна помош, бидејќи таа е краткорочна. Тие сакаат работнички права.

## Сексуални услуги преку Интернет

Иако има сексуални работници кои продолжиле со својата работа на Интернет, меѓутоа не сите имаат на располагање опрема и простор да го сторат тоа. Едноставно, има сексуални работници кои незнаат како да ја работат оваа работа преку Интернет.

„Некои колеги ја преселија работата во виртуелниот свет, но за жал, многу малку можат да го сторат тоа“, вели Борел. „Повеќето од нив немаат тековна сметка на која можат да ги пренасочат добиените приходи“.

Некои сексуални работници пак, живеат со своите семејства, со што логично е дека не можат да го користат онлајн методот за да преживеат. Многумина живеат пак во области каде што нема Интернет и во моментов, единствениот начин на кој можат да заработат пари е токму традиционалниот начин, кој инаку е многу експлоатиран“.
Еден 29-годишен сексуален работник кој ја префрлил својата работа преку Интернет изјавил: „И покрај тоа што сега работам преку веб камера, се уште се чувствувам небезбедно“.

Кибеле Леспеернс, ескорт придружничка и повремена порно актерка, работи од 17 до 50 часа неделно и вели дека не заработува повеќе од 15000 евра годишно, бидејќи 25% од заработката оди на данок.



## Слободно време = повеќе злоупотреби

„Не секој може или сака да продава виртуелни услуги. На Интернет, постојано се злоупотребува“, вели Лесперанс.

„Дури и без да користам веб-камера, секоја недела добивам по десетици насилни пораки. Злоупотребата од овој вид е зголемена за десет пати, поради зголеменото слободно време“.

Сексуалните работници го користат Интернетот за да заработат за време на кризата, но не сите ќе продолжат да нудат онлајн сексуални услуги откако ќе заврши пандемијата. Мнозинството ќе се врати  на она што претходно го правеле. Поголемиот дел од сексуалните работници се мајки. Постојат стотици илјади сексуални работници чии семејства зависат од парите од сексуалната работа. Во повеќе различни земји се отвораат фондови за собирање средства за помош на сексуалните работници, но сепак не може да им се помогне во целост, бидејќи кризната ситуација трае предолго.



# Нов Зеланд финансиски им помага на сексуалните работници за време на КОВИД-19 пандемијата

Заедницата на сексуални работници во Нов Зеланд има поминато децении работејќи со Владата за изнаоѓање на модел за регулација на сексуалната работа. Нивната борба и упорност, на крајот се исплатела, а особено сега, за време на кризата со Ковид-19.

Само една недела по прогласување на Светската пандемија со Коронавирусот, Лана, 28 се преселува кај своите родители во Окланд, откако се затворил борделот каде што работи како сексуална работничка.

Веќе на 23-ти март, аплицирала за добивање на субвеници за итни плати на Повикот на владата на Нов Зеланд. Овие субвенции се однесуваат на сите работници, без разлика на нивниот статус или работен ангажман.

Само два дена подоцна - паушална сума пари од 4200 долари и биле префрлени на нејзината сметка за 12 недели изгубена заработувачка со скратено работно време. Работниците со полно работно време, кои просечно работат повеќе од 20 часа неделно, добиваат паушална сума од 7,029 долари.

„Пополнувањето на образецот траеше околу три минути и воопшто не требаше да откривам дека сум сексуален работник“, изјави Лана. „Само требаше да наведам дека сум самовработена“.



„Бидејќи тука сексуалната работа не е криминализирана, според моето искуство, мислам дека тоа само создава околина каде сите ве почитуваат”, вели Лана, која студира политики и јазици. „Сепак има некој кој ви го чува грбот“.

Таа го користи времето во самоизолација да се фокусира на своите студии и доброволно придонесува за својата заедница, пишувајќи за социјалните и човековите права.

“Тие мораат да живеат, треба да си ја платат киријата“.

Можеби нема ниту една друга држава во светот во која владата и заедницата за сексуални работници, кои во Нов Зеланд ги има околу 3500, имаат толку стабилна и продуктивна врска.

„Фактот дека сексуалната индустрија во Нов Зеланд е декриминализирана има многу предности и сега сето тоа се докажува за време на кризата со Корона вирусот. Сите сексуални работници во Нов Зеланд имаат пристап до придобивките на Владата“, вели Цеп Ротиер, истражувач/криминолог на Универзитетот Утрехт, кој токму во својата дисертација го разгледуваше моделот на декриминализација на сексуалната работа во Нов Зеланд.

Ротиер вели дека благодарение на добрата соработка помеѓу заедницата сексуални работници во Нов Зеланд со полицијата, полициските службеници преземале активности на терен, пронаоѓајќи сексуални работници кои работат на улица и ги насочувале кон групи како NZPC кои можат да им помогнат да добијат финансиска помош.

Спротивно на тоа, во соседна Австралија, изјавата на Сојузот на групи на сексуални работници ја осуди полицијата за казнување на сексуалните работници кои продолжиле да работат во Нов Јужен Велс. „Со казнување не се постигнува ништо, и покрај тоа што се промовираат мерките за јавно здравје, сексуалните работници се оставени сами на себе и единствено добиваат помош во сојузите на сексуални работници“.

Во САД, иако сексуалните работници можат да заработат пари преку нудење сексуални услуги на Интернет, преку вебкамери сл., сепак многумина имаат потреба од финансиска помош, бидејќи се неподобни да ги уживаат придобивките на Владата кои се однесуваат на невработените лица.

Во Холандија, пак, некои сексуални работници сметаат дека е тешко да ги почитуваат мерките за социјално дистанцирање, со цел да се спречи ширењето на вирусот. „Тие мораат да живеат, треба да ја платат киријата, мора да јадат, па затоа се принудени да продолжат да работат“, вели Ротиер.

Во издание на:

STAR | OUT LOUD FOR SEX WORKERS

Поддржано од :

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА